***Автори:*** *Даниела Стојанова, Гонце Јаковлеска, Сашо Клековски, Емина Нурединоска*
***Дата:*** *2010*
***ISBN:*** *978-608-4617-01-3*
***PDF:***    samopercepcija-za-graganskoto-opstestvo-2010.pdf




Извештајот „Самоперцепција за граѓанското општество“ е резултат од анкетата со граѓански организации за нивната перцепција за работењето и управувањето на граѓанското општество. Анкетата се спроведе во рамки на Цивикус – Индексот на граѓанското општество (ИГО), акциско-истражувачки проект, кој ја проценува состојбата на граѓанското општество во земјите низ светот. Македонскиот центар за меѓународна соработка го спроведува ИГО  по втор пат.

Граѓанското општество има ограничено влијание на општествените проблеми (33,5%). Влијанието е високо врз оспособувањето на граѓаните (78,9 %) и обезбедувањето услуги за општествените потреби (54,6 %). Граѓанското општество има ограничено влијание на јавните политики (29,1%). Области каде граѓанското општество е најактивно во последните пет години се човековите права и еднаквоста и децентрализацијата.

Што се однесува до околината во која делуваат, граѓанските организации перципираат овозможувачка законска регулатива. Големо мнозинство од граѓанските организации немаат искуство со незаконски ограничувања од страна на властите, но дијалогот со

деловниот сектор и државата го сметаат за недоволно развиен.

Во делот на практикување вредности, граѓанските организации имаат високо мислење за својата демократичност, а на високо ниво се и организациските практики и транспарентноста. Големо мнозинство (84 %) имаат стратегии за работа за следните 3 до 5 години; 89 % велат дека финансиските извештаи се јавно достапни, а 73 % имаат јавно достапен кодекс на однесување на персоналот. Граѓанските организации остануваат промотори на ненасилството и толерантноста, со ретки и/или изолирани насилни и расистички групи. Што се однесува до корупцијата, таа е ретка или многу ретка појава.

Анкетата покажа дека граѓанските организации перципираат дека имаат структура за добро за управување. Големо мнозинство одговориле дека постои поделба меѓу неизвршните т.е. управните и извршните функции (93,8 %) и имаат орган на управување (87,6 %). Освен тоа, македонските организации сметаат дека се вмрежени, дека комуницираат и соработуваат. Одржливоста на граѓанските организации останува да биде предизвик. Човечките ресурси се една од послабите точки во нивото на организација на граѓанските организации. Според критериумот зададен од Цивикус, големо мнозинство (70,2 %) од анкетираните граѓански организации се финансиски одржливи, ако се има предвид растот и падот на приходите и расходите во однос на изминатата година. Анкетата покажа дека граѓанските организации немаат став за фондовите на Европската Унија и немаат доволен капацитет за нивно користење.

Во целата анализа може да се види подобра самоперцепција за сопствената организација од таа за граѓанското општество за 19,3 %. Јазовите се јавуваат во практикување вредности, како демократија и транспарентност и во постигнатото влијание врз општествените проблеми и јавните политики и изнесуваат од 17,4 % до 22,3 %. Организациите сметаат дека имаат подобри вредности и се поуспешни од граѓанското општество во целина за 19,3 %. Разликите во оценката се очекувани, но величината на разликата во овој случај укажува на повисоко ниво на субјективност.

Истражувањето е спроведено со интервјуа со претставници на 161 граѓанска организација во април и мај 2010 г.